Јавно претпријатие за јавно паркирање
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / E pranuar: 05.06.2019
Орг. Един. / Nj. org.: 03 | Број / Numër: 219 | Прилог / Shtojcë: 2 | Вредност / Vlera

*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Советот на Град Скопје на триесет и третата седница, одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Годишен извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг – Скопје, за 2018 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишен извештај за работењето на ЈП Градски паркинг - Скопје за 2018 година, со арх. број 02-211/3 од 23.04.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-4992/5
21 мај 2019 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KËSHILLI I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р ЉубицаЈанчева prof.dr. Ljubica Janceva

1000 Скопје, Илинден бр.82
Република Македонија
тел: +389 02/3297-200,3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë
tel: 389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ
Бр.Nr. 02-211/3
23.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 64/18), и врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 23.04.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2018 година

***член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2018 година, согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Претпријатието.

***член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 23.04.2019 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марија Георгиевска

Бр./Nr. 02-211/3
23.04.2019 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qytetit - Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

***ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА***

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија" бр.11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје бр. 09-3080/1 од 20.10.2003 година, а запишано е во Трговскиот регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трг. број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на Јавното претпријатие е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден" бр.82 и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, а со цел да се овозможи поефикасно и поекономично работење на Претпријатието и негово понатамошно опстојување, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седница одржана на ден 07.07.2006 година со Одлука бр. 02-592/2 носи Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје е изменет и дополнет со „ Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг-Скопје" со арх. бр. 02-992/4 од 17.11.2006 година, „ Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" со арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година , „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр.02-109/8 од 13.02.2013 година, „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-445/4 од 03.09.2013 година и „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски аркинг- Скопје" арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавното претпријатие.

## 1.2 ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг – Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежната дејност на Претпријатието е под шифра:

52.21 Други придружни активности во копнениот сообраќај

- активност врзана за копнениот превоз на патници, животни или стоки
- работа на станични објекти како што се железнишки станици,станици за ракување со стоки
- тековно одржување и помали поправки на возниот парк
- работа на патишта, мостови, тунели, паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди
- чување на стамбени приколки во зима
- отстранување на непрописно паркирани возила
- остранување на хаварисани возила од јавните површини

Покрај претежната дејност претпријатието обавува и други дејности и тоа:

96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети

96.09 Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место
82.99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
45.20 Одржување и поправка на моторни возила

ЈП Градски Паркинг – Скопје во правниот промет и во односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот, а како овластено лице за застапување е Директор. За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот имот.

Средствата за вршење на дејност се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Буџет на Град Скопје,
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон
- Донации

Своето работење и развој Претпријатието го темели на Инвестициона програма за која согласност дава Совет на Град Скопје.

Јавното претпријатие платниот промет го извршува преку повеќе банки со следните жиро сметки:

- 300000001800259 Комерцијална Банка
- 300000002923422 Комерцијална Банка
- 300000002923519 Комерцијална Банка
- 300000002923616 Комерцијална Банка
- 300000002923713 Комерцијална Банка
- 210058088550178 НЛБ Банка
- 280108101592254 Силк Роуд Банка
- 320100002538006 Централна Кооперативна Банка

## *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

ЈП Градски Паркинг- Скопје, во вршење на дејност од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на организациони единици , според однапред определена Програма и План . Претпријатието го сочинуваат следните сектори и самостојни одделенија:

- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки,
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за комерција и маркетинг и
- Сектор канцеларија на Директор

Надвор од секторите функционираат следниве самостојни одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за човечки ресурси

Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието".

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор за контрола на матријално- финансиското работење.

**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот одбор во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 13 (тринаесет) члена од кои се бира Претседател на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор ги свикува и раководи со седниците, ги потпишува актите на Управниот одбор , се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор.

Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на јавен оглас.

Мандат на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статут на Јавното претпријатие.

Директор, за резултатите од своето работење е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој го заменува во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата , со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот согласно Законот и Статутот на јавното претпријатие.

**Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиско работење** е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието.

Истиот го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување на членови на Надзорен Одбор. Времетраењето на мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Надзорниот Одбор за материјално-финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одоговорноста на членовите на Надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Надзорниот Одбор задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли Надзорниот одбор го известува Управниот одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски како надлежно Министерство.

# 2. ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ СТОПАНИСУВА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

## 2.1 СОСТОЈБА СО ПАРКИНГ ПОВРШИНИ И БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Во делот на уредување на сообраќајот во мирување и оспособување паркинг места во рамки на градот Скопје, Јавното Претпријатие Градски паркинг- Скопје заклучно месец Декември 2018 година, има ставено на располагање **8324 паркинг места** од кои:

- бројот на паркинг места кај т.н. „затворени" јавни паркиралишта, каде начинот на работа е организиран преку паркинг систем кој употребува рампа при контрола на наплатата кај влезно- излезните партии изнесува **1603** (Декември 2017 овој број е 1694: јавното паркиралиште „Транспортен Центар" се трансформира и станува подзона Ц33 ),

- на јавните површини наменети за паркирање, каде паркирањето е зонски организирано, уредени и оспособени се **5671** паркинг места (Декември 2017 година овој број е 5271) и

- преку третиот вид на уредување на сообраќајот во мирување- паркирање во катна гаража ставени во употреба се **1050** паркинг места.

Месец Декември 2017 година бројот на паркинг места изнесува 8015.

Месец Декември 2018 година бројот на паркинг места изнесува 8324.

Во текот на 2018 година уредени се дополнителни 309 паркинг места кај зонски организираните паркинг површини.

Бројот на паркинг места, споредбено: Декември 2015- Декември 2016- Декември 2017 година останува ист, непроменет и изнесува 8015 паркинг места.[1].

Со јавното паркиралиште „Транспортен Центар", на кое се употребува рампа како влезно- излезен систем на работа, Претпријатието стопанисува согласно 07.07.2016

[1] Во текот на 2013 година беа затворени јавните паркиралишта „Плоштад" и „Музеј на Град Скопје" 1 и 2 со што бројот на паркинг места со кои претходно има стопанисувано Претпријатието (до 2013 година) е намален за 355 паркинг места.

година кога истото се трансформира во јавна површина наменета за паркирање на која започнува да се применува зонски начин на паркирање- станува подзона Ц33.
Преостанува јавното паркиралиште „Транспортен Центар" наменето за паркирање на камиони и автобуси со 91 паркинг место. За истото немаме статистички податоци.

Согласно Одлука со арх. бр 03-173/1 донесена 21.04.2017 година, на 01 Јуни 2017 година, јавното паркиралиште „Тутунски комбинат" го менува режимот на работа: од мануелен систем на работа и употреба на рачна наплатна рампа (40 ден./ час) во електронски влезно- излезен систем со што сите „затворени" јавни паркиралишта со кои стопанисува претпријатието добија модерен електронски влезно- излезен паркинг систем. Ова јавно паркиралиште влегува во трет степен на ограничување со што услугата изнесува 25 ден./час.

Споредбено Декември 2017- Декември 2018 бројот е зголемен за 309 паркинг места.

Разликата од дополнителни 309 паркинг места кои се уредени и оспособени во текот на 2018 година кај јавните површини наменети за паркирање се должи на оспособување три подзони кои влегуваат во новоформираната портокалова 0 зона односно:

- ✓зона А0 (Средно Водно): без временско ограничување при паркирањето,
- ✓зона А02 (Пантелејмон): без временско ограничување при паркирањето,
- ✓зона А06 (Максим Горки): со временско ограничување при паркирањето од 2 часа.

Услугата на овие три подзони изнесува 100 ден. за првиот час паркирање и 50 денари секој нареден час.
Работното време на подзоните А0 и А02, поради локацијата- Средно Водно и Пантелејмон, се организира за време на викендите и државните празници.

## *2.2 ТАБЕЛАРНИ ПРИКАЗИ*

Табеларно ќе ја претставиме состојбата на оспособени односно, уредени јавни паркиралишта, јавни површини наменети за паркирање и катни гаражи со кои стопанисува Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје во период Јануари- Декември 2018 година.

Графичките прикази ги содржат следниве информации:

- точен назив на јавното паркиралиште, површина наменета за паркирање- зона односно, катна гаража;
- степен на ограничување кај „затворените" јавни паркиралишта (прв, втор или трет степен на ограничување, во зависност од близината односно, оддалеченоста од централното градско подрачје) односно, зоната во која се наоѓа јавната паркинг површина наменета за паркирање (нулта 0 портокалова зона, прва црвена А зона, втора жолта Б зона, трета зелена Ц зона и четврта бела Д зона);
- точна локација на која се простира паркиралиштето;
- површина, изразена во $m^2$ и
- вкупен број паркинг места со кои располага, број на паркинг места наменети за лица со посебни потреби, паркинг места односно, стојалишта за такси возила, места со полначи за електро мобили, места за паркирање мотори и камиони.

## *А. „ЗАТВОРЕНИ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | ЛОКАЦИЈА | ПОВРШИНА $m^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА + ЛПП (ВКУПНО) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ | ЦЕНА НА УСЛУГА 35 ДЕН./ ЧАС | | |
| 1 | ***КОЧО РАЦИН*** | бул. „Кочо Рацин" тех. бр. 35 | 3867 $m^2$ | *175+2 (177)* |
| 2 | ~~***ГРАДСКА БОЛНИЦА***~~ | ~~ул. „Филип Втори Македонски" тех. бр. 490~~ | ~~3.411 $m^2$~~ | ~~*108+3 (111)*~~ |
| 3 | ***ЗОИЛ*** | ул. „Стив Наумов" тех. бр. 18 | 2.317 $m^2$ | *123* |
| | ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ | ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС | | |
| 4 | ***ТУТУНСКИ КОМБИНАТ*** | ул. „Пролет" бб | 3.283 $m^2$ | *128+4 (132)* |
| 5 | ***ТРЕСКА*** | ул. „Народен Фронт" тех. бр. 1 | 4.271 $m^2$ | *95 + 3 (98)* |
| 6 | ***АМСМ*** | бул. „М.Т.Гологанов" тех. бр. 332 | 1.591,55 $m^2$ | *107+ 4 (111) + 6 за камиони* |
| 7 | ***ДОМ НА ПЕЧАТ*** | бул. „Св. Кирил и Методиј" бр.1 | 4.170 $m^2$ | *169+4 (173)* |
| 8 | ***НАРОДЕН ФРОНТ*** | ул. „Народен Фронт" бб | 2.658 $m^2$ | *96 +3 (99)* |
| 9 | ***ГОБ „ 8ми СЕПТЕМВРИ"*** | ул. „Париска" тех. бр. 901 | 1.283 $m^2$ | *44+2 (46)* |
| 10 | ***Комплекс Клиники „МАЈКА ТЕРЕЗА"*** | ул. „Мајка Тереза" бр. 41а | 31.251 $m^2$ | *517 +16 (533)* |
| | | | ***ВКУПНО:*** | ***1603*** |

## Б. КАТНИ ГАРАЖИ

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА КАТНА ГАРАЖА | ЛОКАЦИЈА | ПОВРШИНА $m^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПНО) | МЕСТА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | ЦЕНА НА УСЛУГА: 30 ДЕН./ ЧАС | | МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА- 2 000 ДЕН. | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА- 20 000 ДЕН. | |
| 1 | **МАКЕДОНСКА ФАЛАНГА** | ул. „Св. Кирил и Методиј" | 15873 $m^2$ | 428+17 (445) | 1 |
| 2 | **ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ** | ул. „Даме Груев" бр. 14 | 29183 $m^2$ | 589+16 (605) | 2 |
| | | | ВКУПНО: | **1050** | **3** |

## Ц. ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ

| РЕД. БР. | ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ | ЛОКАЦИЈА (ПО ПРОЕКТ)/тех. бр. | ЗОНА | ПОВРШИНА $m^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ЛПП (ВКУПНО) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | ПОРТОКАЛОВА ЗОНА (0) | | | | |
| 1 | Средно Водно | | **А0** | | 40+114 |
| 2 | Пантелејмон | | **А02** | | 155 |
| 3 | Максим Горки | ул. Максим Горки бб | **А06** | 1.640 $m^2$ | 86+3 (89) |
| | | | | | **Вкупно: 398** |
| | ЦРВЕНА ЗОНА (А) | ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 2 ЧАСА/ | | ЦЕНА НА УСЛУГА 45 ДЕН./ ЧАС | |
| 4 | Агромеханика | бул. ВМРО | **А1** | 825 $m^2$ | 28+1 (29) |
| 5 | Даме Груев 1 | ул. Даме Груев бб | **А3** | 1.624 $m^2$ | 51 + 2 (52) |
| 6 | Даме Груев 2 | ул. Даме Груев бб | **А4** | 4.345 $m^2$ | 82+3 (85) |
| 7 | Орце Николов (мал ринг) | ул. Орце Николов бб | **А5** | 1.183 $m^2$ | 38+1 (39) |
| 8 | ~~Камен Мост~~ | ~~Црвена Скопска Општина бб~~ | ~~**А8**~~ | ~~1.920 $m^2$~~ | 146+5+ 7 такси (158) |
| | | | | | **Вкупно: 363** |
| | ЖОЛТА ЗОНА (В) | ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 4 ЧАСА/ | | ЦЕНА НА УСЛУГА 35 ДЕН./ ЧАС | |
| 9 | М.Х. Јасмин- Бристол 1 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | **В2** | 2.435 $m^2$ | 57 |
| 10 | М.Х. Јасмин- Бристол 2 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | **В3** | 408 $m^2$ | 44+2 (46) |
| 11 | Гимназија Јосип Броз Тито | ул. Димитрија Чуповски тех.бр.7 | **В6** | 390 $m^2$ | 25+1(26) |
| 12 | Илинден | ул. Стив Наумов бб | **В7** | 924 $m^2$ | 74+3 (77) |
| | | | | | **Вкупно: 206** |
| | ЗЕЛЕНА ЗОНА (С) | ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 6 ЧАСА/ | | ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС | |
| 13 | Коста Шахов (зад Кузман Студентски дом) | ул. Коста Шахов бб тех.бр.224 | **С8** | 350 $m^2$ | 7 |
| 14 | Дебарца, Никола Тримпаре, Коста Шахов (кај Методистичка Црква) | ул. Дебарца бб, ул. Н. Тримпаре бб и ул. Коста Шахов бб | **С9** | 450 $m^2$ | 21 |
| 15 | Орце Николов (Дебар Маало) | ул. Орце Николов бб | **С11** | 1.375 $m^2$ | 111+1 (112) |
| 16 | Ѓуро Ѓаковиќ (Дебар Маало) | ул. Ѓуро Ѓаковиќ бб | **С15** | 800 $m^2$ | 64 |
| 17 | Ленинова (Дебар Маало) | ул. Аминта Трети бб | **С17** | 522,5 $m^2$ | 38 |
| 18 | Универзална Сала | ул. Костурски херои тех.бр. 280 | **С19** | 985 $m^2$ | 25+ 1 (26) |
| 19 | Транспортен Центар | ул. Борис Кидрич, ул. Беласица, ул. 23 Октомври и Пошта- ул. Никола Карев | **С33** | 1.152$m^2$ | 125 + 5 + 6 такси (136)/ 168+4 (172)+91 **(399)** |
| 20 | Транспортен Центар | ул. Никола Карев кај Депо Пајак | **С35** | 4.751$m^2$ | 51+2 (53) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Комплекс Објекти: Судска Палата, *МАНУ, МТВ* | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C45*** | 4870 m² | 370+10 (380) |
| 22 | Кеј Димитар Влахов | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C46*** | 9216m² | 193 |
| 23 | *ЗОО* | бул. Илинден бб | ***C80*** | 3713m² | 101+3+5 такси (109) |
| 24 | Собрание на Град Скопје | бул. Илинден бб | ***C81*** | 4015m² | 127+4 (131) |
| | | | | | **Вкупно: 1533** |
| | ***БЕЛА ЗОНА (D) ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/ ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС*** | | | | |
| 25 | Хотел Русија | бул. АСНОМ | ***D1*** | 1330 m² | 30+1 (31) |
| 26 | ТЦ Бисер | бул. Јане Сандански тех.бр. 1455 | ***D3*** | 16.875m² | 1346+12 (1358) |
| 27 | Веро (Рударски Институт) | бул. Јане Сандански тех.бр. 1455 | ***D4*** | 9.375 m² | 717 + 10 (727) |
| 28 | Владимир Комаров | ул. 23 Октомври | ***D5*** | 5720 m² | 112+4 (116) |
| 29 | Палма Аеродром | бул. Јане Сандански тех.бр. 670 | ***D6*** | 5067 m² | 110+3 (113) |
| 30 | Аеродром- Глорија (зелени згради) | бул. Јане Сандански тех.бр. 1455 | ***D7*** | 17050m² +1018 m² | 593 + 20 +анекс 43+4 (660) |
| 31 | Бојмија | ул. Бојмија | ***D8*** | 1724 m² | 61+2 (63) |
| 32 | Градска Болница „8 Септември" | ул. Бледски Договор | ***D40*** | 3460 m² | 63+2 (65) |
| 33 | Тениски клуб *АБЦ* | бул. Илинден бб | ***D62*** | 1440 m² | 32+1+ 5 такси (38) |
| | | | | | **Вкупно: 3171** |
| | | | | ***СЕВКУПНО*** | ***5671*** |

## *2.3 ПАРКИНГ ПОВРШИНИ КОИ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПЛАНИРА ДА ГИ ОСПОСОБИ ВО 2019 ГОДИНА*

Во 2019 година, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје планира да уреди и оспособи дополнителен број паркинг места и површини наменети за паркирање на кои ќе го уреди сообраќајот во мирување на начин кој соодветствува со условите и просторот.

Во Програмата за 2019 година, Претпријатието предвидува бројот на паркинг места кај зонски организираните јавни површини наменети за паркирање да се зголеми за околу 1500 од кои за 304 паркинг места веќе има изработено сообраќајни проекти. За дел од субзоните, наведени во прегледот што следи, сеуште не се изработени сообраќајни проекти оттука, не сме во можност да дадеме точен број на паркинг места кои би биле ставени во употреба во текот на 2019 година.

| РЕД. БР. | ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ | ЛОКАЦИЈА/ УЛИЦА | ЗОНА | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА |
|---|---|---|---|---|
| | *ПОРТОКАЛОВА ЗОНА (0)* | | | |
| 1 | Македонски Телеком | ул. Орце Николов | **A010** | |
| | *ЖОЛТА ЗОНА (B)* | | | |
| *2* | Кале | ул. Самуилова | **B8** | |
| *3* | Музеј на современа уметност | ул. Лазар Личеноски | **B9** | |
| *4* | Водовод | ул. Лазар Личеноски | **B10** | |
| | *ЗЕЛЕНА ЗОНА (C)* | | | |
| *5* | Градска куќа | | **C** | |
| *6* | ПортаБуњаковец | ул. Иван Милутиновиќ | **C7** | 31 |
| *7* | Порта Буњаковец | ул. Мирослав Крлежа | **C10** | 2 |
| *8* | Дебар Маало | ул. Антоние Грубтишич | **C12** | 19 |
| *9* | Дебар Маало | ул. Михаил Цоков | **C13** | 46 |
| *10* | Дебар Маало | Дебар Маало | **C14** | 11 |
| *11* | Дебар Маало | Кружен тек | **C16** | 20 |
| *12* | Дебар Маало | ул. Пиринска | **C18** | 17 |
| | *БЕЛА ЗОНА (D)* | | | |
| *13* | Стопански двор- Парк | | **D_** | |
| *14* | СЦ Форца | | **D_** | |
| *15* | Сточарски институт | | **D63** | |
| *16* | Општина Аеродром | Три Бисери | **D_** | |
| *17* | Општина Аеродром | Скопјанка | **D_** | |

За погоре наведените, табеларно претставени, јавни површини наменети за паркирање кои Претпријатието планира да ги уреди и оспособи за организиран сообраќај во мирување во текот на 2018 година, од точка 1 до точка 9, потребно е најпрвин да се изработи Сообраќајно- техничко решение- Проект за регулирање на сообраќајот и истиот да ја помине постапката пред надлежните органи: Сектор Сообраќај на Град Скопје и Министерство за внатрешни работи, кои врз основа на изработениот сообраќаен проект издаваат „Решение за утврдување режим на сообраќај" за секоја паркинг површина која Претпријатието ја организира и стопанисува. Оттука, за овие јавни површини наменети за паркирање немаме наведено точен број на паркинг места.

## *МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ*

Зголемената потреба од паркинг места во градот го наметна и овој начин на уредување на сообраќајот во мирување- паркирање во катни гаражи. Претпријатието стопанисува со две катни гаражи од тврда градба чиј капацитет изнесува 1.050 паркинг места.

Програмата за 2019 година предвидува уредување на паркинг просторот кај Јавното паркиралиште при Клинички центар Мајка Тереза, во функција на поголема проточност на возилата, планирана е изградба на **монтажна катна гаража** со капацитет од 350 паркинг места. Во моментов ова јавно паркиралиште е исклучително оптеретено а паркирањето стихијно и недоволно организирано.

## *ЗАКЛУЧОК*

Врз база на гореизнесеното во тек на 2018 година Претпријатието планира дополнително да се уредат околу 1850 места за паркирање.

# 3. ВРАБОТЕНИ

## *3.1 БРОЈ, СТАРОСНА И КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ*

Вкупниот број вработени во ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2018 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 257.

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01.2018 година | 233 |
| Вработени во 2018 год. | +26 |
| Заминати во пензија | - 2 |
| Состојба на 31.12.2018 година | 257 |

Состојбата на вработени преку Агенција за времени вработувања на ден 31.12.2018 година изнесува 15 лица.

Во текот на 2018 година во претпријатието реализирани се 26 нови вработувања. Најголем дел од вработените односно 23 лица се ангажирани во секторот јавни паркиралишта. На 2 лица од истиот сектор им е прекинат работниот однос во претпријатието по основ остварување на право на пензија. По едно лице е вработено во секторот канцеларија на директор, сектор пајак и во одделението грижа за корисници, Како резултат на горе изнесеното може да се согледа дека во претпријатието бројот на вработени во текот на 2018 година се зголемил во просек за 24 лица.

Бројот на вработени преку Агенција за времени вработувања е зголемен за 5 лица во споредба со 2017 година . Се работи за лица ангажирани во секторот јавни

паркиралишта (2 лица) , во сектор пајак ( 2 лица ) и едно (1 лице) во одделението за човечки ресурси.

Во прилог даваме табели, споредбени показатели, за бројот на вработени по сектори и одделенија за 2018 и 2017 година како и податоци за старосната и квалификациска структура на вработените.

Се забележува дека најголем дел од вработените односно, 152 лица се во Сектор Јавни паркиралишта, следи Сектор Пајак со 46 вработен, потоа Одделение за грижа за корисници- 19 лица, Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки- 10 вработени, Сектор за правни и општи работи - 6 вработени, Сектор за комерција и маркетинг- 7 вработени, Кабинет на Директор- 10 вработени, 4 вработени во Одделение за внатрешна ревизија и контрола и по 1 вработен во Одделение за внатрешна ревизија , Одделение за човечки ресурси и Одделение за јавни набавки. Доколку се споредат податоците од двете години (2018 и 2017) во рамки на прегледите може да се забележи одредена флуктуација на вработените во рамки на одделни сектори односно, одделенија што е во најголем дел резултат на промените во систематизацијата на работните места .

*БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ, СПОРЕДБЕНО 2018 НАСПРОТИ 2017 ГОДИНА*

| РЕД БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2018 | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2017 | +/- | ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2018 | ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2017 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на Директор | 10 | 6 | +4 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Одделение за внатрешна контрола | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Одделение за човечки ресурски | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | +1 |
| 5 | Сектор паркинзи | 152 | 131 | +21 | 9 | 8 | +1 |
| 6 | Одделение за грижа за корисници | 19 | 18 | +1 | 2 | 1 | +1 |
| 7 | Пајак Сектор | 46 | 45 | +1 | 3 | 1 | +2 |
| 8 | Сектор за правни и општи работи | 6 | 8 | -2 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Сектор за финансии,сметк-во и јавни набави | 10 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Одделение за јавни набавки | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Сектор за комерција и маркетинг | 7 | 8 | -1 | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно вработени: | 257 | 233 | +24 | 15 | 10 | +5 |

## *ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ ВО 2018 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2018 | ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2018 | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ/ОДДЕЛЕНИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на Директор | 10 | 0 | 10 |
| 2 | Одделение за внатрешна контрола | 4 | 0 | 4 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Одделение за човечки ресурси | 1 | 1 | 2 |
| 5 | Сектор паркинзи | 152 | 9 | 161 |
| 6 | Одделение за грижа за корисници | 19 | 2 | 21 |
| 7 | Пајак Сектор | 46 | 3 | 49 |
| 8 | Сектор за правни и општи работи | 6 | 0 | 6 |
| 9 | Секторза финансии,сметк-во и јавни набвави | 10 | 0 | 10 |
| 10 | Одделение за јавни набавки | 1 | 0 | 1 |
| 11 | Сектор за комерција и маркетинг | 7 | 0 | 7 |
| | Вкупно вработени: | 257 | 15 | 272 |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТАРОСНА СТРУКТУРА ЗА 2018 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2018 |
|---|---|---|
| 1 | од 20 до 24 години | 3 |
| 2 | 25-29 | 13 |
| 3 | 30-34 | 38 |
| 4 | 35-39 | 48 |
| 5 | 40-44 | 36 |
| 6 | 45-49 | 39 |
| 7 | 50-54 | 37 |
| 8 | 55-59 | 16 |
| 9 | 60-64 | 26 |
| 10 | Над 64 | 1 |
| | Вкупно: | 257 |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА ВО 2018 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2018 |
|---|---|---|
| 1 | основно образование | 3 |
| 2 | ССС | 208 |
| 3 | ВШС | 3 |
| 4 | ВСС | 35 |
| 5 | Магистер | 8 |
| | Вкупно: | 257 |

# 4. ФИЗИЧКИ И ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во 2018 година претпријатието оствари добивка во работењето на износ 15.595.946,00 денари како резултат на разликата помеѓу приходите на износ 190.272.074,00 денари и вкупните расходи на износ 174.676.128,00 денари односно нето добивка по оданочување 13.984.799,00 денари.

## 4.1 БИЛАНС НА УСПЕХ

Споредбен преглед на приходите и расходите на Билансот на успех за 2018 и 2017 година:

| РЕД. БР. | ОПИС | 2018 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1. | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **190.272.074,00** | **179.635.660,00** | **10.636.414,00** | **1,06** |
| 1.1 | ПРИХОДИ ОД ЗАТВОРЕНИ ПАРКИРАЛИШТА | 51.009.881,00 | 51.253.402,00 | 243.521,00 | 1,00 |
| 1.2 | ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ | 80.960.485,00 | 69.258.195,00 | 11.702.290,00 | 1,17 |
| 1.3 | ПРИХОДИ ОД КАТНА ГАРАЖА | 15.144.902,00 | 14.916.968,00 | 227.934,00 | 1,02 |
| 1.4 | ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 25.213.459,00 | 22.590.036,00 | 2.623.423,00 | 1,12 |
| 1.5 | ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | 9.035,00 | -9.035,00 | 0.00 |
| 1.6 | ПРИХОДИ ОД ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 1.7 | ПРИХОДИ ОД ЕЛЕКТРОМОБИЛИ | 0,00 | 52.374,00 | -52.374,00 | 0.00 |
| 1.8 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 17.671.382,00 | 20.998.346,00 | -3.326.964,00 | 0,84 |
| 1.9 | ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 271.965,00 | 557.304,00 | -285.339,00 | 0,49 |
| | | | | | |
| 2. | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **174.676.128,00** | **165.161.575,00** | **9.514.553,00** | **1,06** |
| 2.1 | ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 12.956.376,00 | 11.245.786,00 | 1.710.590,00 | 1.15 |
| 2.2 | ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 40.507.230,00 | 31.381.998,00 | 9.125.232,00 | 1.29 |
| 2.3 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДР. ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 104.087.268,00 | 102.698.603,00 | 1.388.665,00 | 1.01 |
| 2.4 | ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 10.141.314,00 | 11.150.258,00 | -1.008,944,00 | 0.91 |
| 2.5 | ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 6.802.978,00 | 6.689.504,00 | 113.474,00 | 1.02 |
| 2.6 | ВРЕДН. УСОГЛАС. НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 23.776,00 | 97.384,00 | -73.608,00 | 0.24 |
| 2.7 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 148.165,00 | 1.866.658,00 | -1.718493,00 | 0.08 |
| 2.8 | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 9.021,00 | 31384,00 | -22.363,00 | 0.29 |
| | | | | | |
| 3. | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ** | **15.595.946,00** | **14.474.085,00** | 1.121.861,00 | 1,08 |
| 4. | **ДАНОК НА ДОБИВКА** | **-1.611.147,00** | **-1.527.160,00** | 83.987,00 | 1.05 |
| 5. | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **13.984.799,00** | **12.946.925,00** | 1.037.874,00 | 1,08 |

# ПРИХОДИ

Во 2018 година ЈП Градски паркинг- Скопје остварува приходи во вкупен износ од 190.272.074,00 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| • Паркирање | 147.115.268,00 ден. |
| • Сектор Пајак | 25.213.459,00 ден. |
| • Велосипеди | 0,00 ден. |
| • Електровелосипеди | 0,00 ден. |
| • Електромобили | 0,00 ден. |
| • Останати приходи | 17.671.382,00 ден. |
| • Финансиски приходи | 271.965,00 ден. |

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Приходите од Сектор Јавни Паркиралишта изнесуваат 147.115.268,00 денари и произлегуваат од:

| | |
|---|---|
| • Приходи од затворени паркиралишта | 51.009.881,00 ден. |
| • Приходи од зонско паркирање | 80.960.485,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „26-ти Јули" | 5.299.846,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „Беко" | 9.845.056,00 ден. |

Овие приходи во 2017 година изнесувале 135.428.565,00 денари односно:

| | |
|---|---|
| • Приходи од затворени паркиралишта | 51.253.402,00 ден. |
| • Приходи од зонско паркирање | 69.258.195,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „26-ти Јули" | 4.761.700,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „Беко" | 10.155.268,00 ден. |

Во споредба со истиот период од минатата година приходот кај Сектор Јавни паркиралишта покажува зголемување од околу 8,63 % или во апсолутен износ бележиме пораст за 11.686.703,00 денари.

Во рамките на поделните категории приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се забележува следната состојба:

Кај затворените паркиралишта бележиме незначителен пад на прометот за 243.521,00 денари.

Во прилог даваме преглед на приходи од „затворени" јавни паркиралишта по поделни паркиралишта за 2017 и 2016 година.

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | +/- | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 1.849.105,00 | 1.693.206,00 | 155.899,00 | 1,09 |
| 2 | Треска | 3.581.661,00 | 3.601.581,00 | -19.920,00 | 0,99 |
| 3 | Кочо Рацин | 870.089,00 | 754.789,00 | 115.300,00 | 1,15 |
| 4 | Градска Болница | 3.682.796,00 | 3.472.586,00 | 210.210,00 | 1,06 |
| 5 | Нова Македонија | 2.007.347,00 | 1.723.074,00 | 284.273,00 | 1,16 |
| 6 | АМСМ | 732.272,00 | 576.196,00 | 156.076,00 | 1,27 |
| 7 | Тутунски комбинат | 668.449,00 | 589.634,00 | 78.815,00 | 1,13 |
| 8 | Народен фронт | 673.189,00 | 574.329,00 | 98.860,00 | 1,17 |
| 9 | 8-ми Септември | 1.806.437,00 | 1.779.167,00 | 27.270,00 | 1,02 |
| 10 | Клинички центар | 23.584.606,00 | 22.974.610,00 | 609.996,00 | 1,03 |
| | Вкупно | 39.455.951,00 | 37.739.172,00 | 1.716.779,00 | 1,05 |

*ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТИ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | +/- | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 900.319,00 | 839.310,00 | 61.009,00 | 1,07 |
| 2 | Треска | 199.862,00 | 126.492,00 | 73.370,00 | 1,58 |
| 3 | Кочо Рацин | 273.070,00 | 232.266,00 | 40.804,00 | 1,18 |
| 4 | Градска Болница | 673.002,00 | 798.209,00 | -125.207,00 | 0,84 |
| 5 | Нова Македонија | 1.323.458,00 | 1.178.630,00 | 144.828,00 | 1,12 |
| 6 | АМСМ | 659.051,00 | 706.475,00 | -47.424,00 | 0,93 |
| 7 | Тутунски комбинат | 355.554,00 | 326.346,00 | 29.208,00 | 1,09 |
| 8 | Народен фронт | 98.570,00 | 94.420,00 | 4.150,00 | 1,04 |
| 9 | 8-ми Септември | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10 | Клинички центар | 4.070.016,00 | 4.023.730,00 | 46.286,00 | 1,01 |
| 11 | Општо паркинзи | 3.001.028,00 | 5.188.352,00 | -2.187.324,00 | 0,58 |
| | Вкупно | 11.553.930,00 | 13.514.230,00 | -1.961.081,00 | 0,85 |

## *ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | +/- | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 2.749.424,00 | 2.532.516,00 | 216.908,00 | 1,09 |
| 2 | Треска | 3.781.523,00 | 3.728.073,00 | 53.450,00 | 1,01 |
| 3 | Кочо Рацин | 1.143.159,00 | 987.055,00 | 156.104,00 | 1,16 |
| 4 | Градска Болница | 4.355.798,00 | 4.270.795,00 | 85.003,00 | 1,02 |
| 5 | Нова Македонија | 3.330.805,00 | 2.901.704,00 | 429.101,00 | 1,15 |
| 6 | АМСМ | 1.391.323,00 | 1.282.671,00 | 108.652,00 | 1,08 |
| 7 | Тутунски комбинат | 1.024.003,00 | 915.980,00 | 108.023,00 | 1,12 |
| 8 | Народен фронт | 771.759,00 | 668.749,00 | 103.010,00 | 1,15 |
| 9 | 8-ми Септември | 1.806.437,00 | 1.779.167,00 | 27.270,00 | 1,02 |
| 10 | Клинички центар | 27.654.622,00 | 26.998.340,00 | 656.282,00 | 1,02 |
| 11 | општо | 3.001.028,00 | 5.188.352,00 | 2.187.324,00 | 0,58 |
| | Севкупно | 51.009.881,00 | 51.253.402,00 | -243.521,00 | 1,00 |

Во рамките на пооделни паркиралишта бележиме варирање на износот на приходите. Генерално се забележува дека со исклучок на паркингот Градска болница и АМСМ кај кои евидентиран е пад на приходот по основ на дневен промет но не и на приходот од претплатите , кај сите останати паркинзи остварен е поголем приход.

Сметаме дека врз варирање на приходите влијание имаат повеќе фактори :

- Конкурентски претпријатија кои се занимаваат со стопанисување со паркинг просторот во градот.
- Бесплатното паркирање кај категоријата корисник „ станар"
- Намалување на цената на претплатата кај ЛПП (лица со посебни потреби)
- И други објективни околности (градежни активности околу и на паркиралиштата, застареност на паркинг системите , укинување на трета смена на дел од паркинзите итн.)

## *ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ СПОРЕД КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК НА „ЗАТВОРЕНИТЕ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА состојба со 31.12.2018– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| *ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ* | *ЖИТЕЛ 1 ВОЗИЛО* | *ЖИТЕЛ 2 ВОЗИЛО* | *ВРАБОТЕН КАЈ ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ФИЗИЧКИ ЛИЦА* | *ЖИТЕЛ СО СЛУЖБ. ВОЗИЛО* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Градска Болница** | 98 | 23 | 57 | 0 | 0 | 1 | 179 |
| **Кочо Рацин** | 245 | 53 | 8 | 3 | 1 | 4 | 314 |
| **Народен фронт** | 167 | 19 | 0 | 1 | 2 | 5 | 194 |
| **Дом на печат** | 0 | 0 | 106 | 34 | 1 | 0 | 141 |
| **Треска** | 144 | 24 | 17 | 0 | 3 | 4 | 192 |
| **АМСМ** | 3 | 0 | 83 | 1 | 0 | 0 | 87 |
| **Зоил** | 18 | 3 | 82 | 13 | 1 | 0 | 117 |
| **Тутунски комбинат** | 0 | 0 | 43 | 1 | 1 | 0 | 45 |
| **Клинички центар** | 18 | 3 | 1404 | 4 | 1 | 0 | 1430 |
| **8-ми Септември** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***СЕВКУПНО:*** | **693** | **125** | **1800** | **57** | **10** | **14** | **2699** |

## *ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ*

### *ПРИХОДИ ПО ОСНОВ ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| *РЕД. БР.* | *ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ* | *2018 ГОДИНА* | *2017 ГОДИНА* | *+ / -* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Претплати | 5.960.013,00 | 6.411.450,00 | -451.437,00 | 0,93 |
| 2 | Греб картички | 788.443,00 | 624.946,00 | 163.497,00 | 1,26 |
| 3 | СМС Паркирање | 64.254.132,00 | 55.342.501,00 | 8.911.631,00 | 1,16 |
| 4 | Доплатни карти | 9.957.898,00 | 6.879.298,00 | 3.078.600,00 | 1,45 |
| | *ВКУПНО:* | **80.960.486,00** | **69.258.195,00** | **11.702.291,00** | **1,17** |

Кај зонското паркирање, доколку ги анализираме вкупните бројки, регистрираме пораст на приходот за 16,92 % односно за 11.702.290,00 денари во споредба со минатата година.

Во рамките на структуктурата на приходите од зонско паркирање се забележува дека имаме пораст на приходите остварен по пат на продажба на греб картички, смс паркирање како и по пат на издавање на казнени билети односно, доплатни карти .Пад на приходите во споредба со ланската година бележиме по основ на претплати за паркирање.

Како причини за ваквите движења ќе ги наведеме следните:

- укинувањето на станарските претплати има значително голема улога врз намалување на приходите особено ако се земе во предвид фактот дека во просек на месечно ниво се издаваат околу 8.000 дозволи само за станарите на зонско паркирање;
- и покрај заложбите за тоа да се делува на корисниците на зонското паркирање навреме да ја платат услугата за паркинг со цел избегнување на можноста да бидат изложени на плаќање на доплатни карти како казнена мерка за неплатен паркинг евидентно е дека дека голем дел од корисниците се доведуваат до состојба услугата за паркинг да ја платат повеќекратно бидејќи навреме не ја платиле услугата.
- градежните активности во централното градско подрачје но, и оние што се вршат околу и на самите јавни паркиралишта исто така, влијаат врз намалување на капацитетот на паркиралиштата а со тоа и врз намалување на износот на приходите.

## *ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ НА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР" ПО МЕСЕЦИ*

| месец | зонско Центар прво возило | зонско Аеродром | затворени јавни паркиралишта | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| ***ЈАНУАРИ*** | 1.575 | 6.318 | 704 | 8.597 |
| ***ФЕВРУАРИ*** | 1.596 | 6.334 | 702 | 8.632 |
| ***МАРТ*** | 1.595 | 6.342 | 704 | 8.641 |
| ***АПРИЛ*** | 1.617 | 6.339 | 698 | 8.654 |
| ***МАЈ*** | 1.624 | 6.356 | 699 | 8.672 |
| ***ЈУНИ*** | 1.628 | 6.376 | 697 | 8.701 |
| ***ЈУЛИ*** | 1.631 | 6.395 | 698 | 8.724 |
| ***АВГУСТ*** | 1.632 | 6.413 | 658 | 8.703 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 1.636 | 6.432 | 668 | 8.736 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 1.642 | 6.449 | 682 | 8.773 |
| ***НОЕМВРИ*** | 1.653 | 6.468 | 689 | 8.810 |
| ***ДЕКЕМВРИ*** | 1.659 | 6.499 | 694 | 8.852 |
| ***ВКУПНО:*** | 19.488 | 76.721 | 8.293 | 104.495 |

## *ВРЕДНОСТ НА БЕСПЛАТНО ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР" ЗА 2018 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

Вредноста на бесплатното паркирање за категоријата корисник „станар" за претпријатието, на годишно ниво, значи промет во висина од 15.228.950,00 денари односно изгубен приход од околу 11.897.617,00 и воедно трошок за *ДДВ* во износ од 2.141.571 денари.

| *месец* | зонско центар | зонско аеродром | затворени паркинзи | Вкупно | основица за ДДВ | Трошок за ДДВ 4471 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ЈАНУАРИ*** | 236.250 | 909.500 | 105.600 | 1.251.350 | 977.617 | 175.971 |
| ***ФЕВРУАРИ*** | 239.400 | 917.000 | 105.300 | 1.261.700 | 985.703 | 177.427 |
| ***МАРТ*** | 239.250 | 918.200 | 105.600 | 1.263.050 | 986.758 | 177.616 |
| ***АПРИЛ*** | 242.550 | 915.200 | 104700 | 1.262.450 | 986.289 | 177.532 |
| ***МАЈ*** | 243.600 | 917.800 | 104.850 | 1.266.250 | 989.258 | 178.066 |
| ***ЈУНИ*** | 244.200 | 919.700 | 104.550 | 1.268.450 | 990.977 | 178.376 |
| ***ЈУЛИ*** | 244.650 | 922.100 | 104.700 | 1.271.450 | 993.320 | 178.798 |
| ***АВГУСТ*** | 244.800 | 924.100 | 98.700 | 1.267.600 | 990.313 | 178.256 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 245.400 | 923.600 | 100.200 | 1.269.200 | 991.563 | 178.481 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 246.300 | 928.100 | 102.300 | 1.276.700 | 997.422 | 179.536 |
| ***НОЕМВРИ*** | 247.950 | 932.200 | 103.350 | 1.283.500 | 1.002.734 | 180.492 |
| ***ДЕКЕМВРИ*** | 248.850 | 934.300 | 104.100 | 1.287.250 | 1.005.664 | 181.020 |
| ***ВКУПНО:*** | 2.923.200 | 11.061.800 | 1.243.950 | 15.228.950 | 11.897.617 | 2.141.571 |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ПО ЗОНИ И МЕСЕЦИ ЗА 2018 ГОДИНА*

Во продолжение на извештајот ја прикажуваме бројката на регистрирани корисници на зонско паркирање по месеци и по зони преку бројот на издадени дозволи за паркирање.

| ЗОНА А | „СТАНАР" 1 ВОЗИЛО | „СТАНАР" 2 ВОЗИЛО | СТАНАР Службен. возило | Вработен кај правен субјект | ПРАВЕН СУБЈЕКТ | Резерв. паркинг места | Годиш. дозволи | Месеч. дозволи | ГОСТИНСКА КАРТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| ЈАНУАРИ | 528 | 44 | 24 | 15 | 13 | 2 | 4 | 0 | 4 | 634 |
| ФЕВРУАРИ | 527 | 44 | 25 | 18 | 15 | 2 | 0 | 0 | 3 | 634 |
| МАРТ | 529 | 44 | 23 | 17 | 15 | 2 | 0 | 1 | 6 | 637 |
| АПРИЛ | 530 | 43 | 23 | 17 | 9 | 2 | 0 | 1 | 13 | 638 |
| МАЈ | 530 | 45 | 22 | 16 | 14 | 2 | 0 | 1 | 19 | 649 |
| ЈУНИ | 533 | 48 | 25 | 14 | 14 | 2 | 0 | 1 | 33 | 670 |
| ЈУЛИ | 534 | 42 | 23 | 14 | 14 | 2 | 0 | 1 | 10 | 640 |
| АВГУСТ | 533 | 50 | 25 | 14 | 14 | 2 | 0 | 1 | 33 | 672 |
| СЕПТЕМВРИ | 534 | 48 | 26 | 17 | 14 | 2 | 0 | 1 | 16 | 658 |
| ОКТОМВРИ | 534 | 50 | 26 | 28 | 14 | 2 | 0 | 1 | 20 | 675 |
| НОЕМВРИ | 535 | 45 | 28 | 27 | 14 | 2 | 0 | 1 | 13 | 665 |
| ДЕКЕМВРИ | 537 | 45 | 26 | 31 | 14 | 2 | 0 | 0 | 36 | 691 |
| ВКУПНО: | 6.384 | 548 | 296 | 228 | 164 | 24 | 4 | 9 | 206 | 7863 |

| ЗОНА Б | „СТАНАР" 1 ВОЗИЛО | „СТАНАР" 2 ВОЗИЛО | СТАНАР Службено возило | Вработен кај правен субјект | ПРАВЕН СУБЈЕКТ | Резервирани паркинг места | Годишни дозволи | Месеч. дозволи | ГОСТИНСКА КАРТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| ЈАНУАРИ | 363 | 26 | 17 | 14 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 424 |
| ФЕВРУАРИ | 365 | 24 | 19 | 12 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 424 |
| МАРТ | 365 | 27 | 19 | 11 | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 | 428 |
| АПРИЛ | 366 | 25 | 18 | 11 | 4 | 0 | 0 | 0 | 3 | 427 |
| МАЈ | 370 | 26 | 18 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 433 |
| ЈУНИ | 370 | 25 | 19 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 427 |
| ЈУЛИ | 373 | 26 | 18 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 434 |
| АВГУСТ | 372 | 24 | 20 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 425 |
| СЕПТЕМВРИ | 375 | 22 | 19 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 428 |
| ОКТОМВРИ | 376 | 24 | 18 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 431 |
| НОЕМВРИ | 374 | 24 | 18 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 432 |
| ДЕКЕМВРИ | 382 | 32 | 19 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 445 |
| ВКУПНО: | 4447 | 305 | 222 | 130 | 16 | 0 | 0 | 0 | 38 | 5158 |

| ЗОНА Ц | „СТАНАР" 1 ВОЗИЛО | „СТАНАР" 2 ВОЗИЛО | СТАНАР Службено возило | Вработен кај правен субјект | ПРАВЕН СУБЈЕКТ | Резервирани паркинг места | Годишни дозволи | Месеч. дозволи | ГОСТИНСКА КАРТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| ЈАНУАРИ | 684 | 44 | 21 | 82 | 30 | 5 | 0 | 2 | 14 | 882 |
| ФЕВРУАРИ | 704 | 45 | 23 | 80 | 31 | 5 | 1 | 1 | 11 | 901 |
| МАРТ | 701 | 44 | 25 | 83 | 31 | 5 | 0 | 2 | 8 | 899 |
| АПРИЛ | 721 | 46 | 28 | 144 | 32 | 5 | 2 | 2 | 6 | 986 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МАЈ** | 724 | 49 | 29 | 133 | 31 | 3 | 2 | 3 | 16 | 987 |
| **ЈУНИ** | 725 | 48 | 28 | 120 | 32 | 5 | 3 | 3 | 8 | 972 |
| **ЈУЛИ** | 724 | 50 | 30 | 117 | 31 | 5 | 3 | 4 | 13 | 977 |
| **АВГУСТ** | 727 | 54 | 31 | 99 | 31 | 9 | 1 | 4 | 2 | 958 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 727 | 50 | 30 | 107 | 33 | 9 | 0 | 6 | 6 | 968 |
| **ОКТОМВРИ** | 732 | 50 | 26 | 126 | 35 | 9 | 0 | 5 | 6 | 989 |
| **НОЕМВРИ** | 744 | 53 | 30 | 124 | 33 | 5 | 0 | 6 | 12 | 1007 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 740 | 52 | 30 | 131 | 33 | 8 | 3 | 6 | 12 | 1015 |
| **ВКУПНО:** | **8650** | **585** | **331** | **1346** | **383** | **73** | **15** | **44** | **114** | **11541** |

| *ЗОНА Д* | *„СТАНАР" 1, 2 и 3 ВОЗИЛО* | | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 6318 | - | 194 | 39 | 85 | - | 5 | 1 | 83 | 6725 |
| **ФЕВРУАРИ** | 6334 | - | 212 | 36 | 87 | - | 5 | 1 | 71 | 6746 |
| **МАРТ** | 6342 | - | 192 | 46 | 85 | - | 5 | 1 | 132 | 6803 |
| **АПРИЛ** | 6339 | - | 194 | 41 | 83 | - | 2 | 1 | 83 | 6743 |
| **МАЈ** | 6356 | - | 195 | 44 | 83 | - | 0 | 1 | 93 | 6772 |
| **ЈУНИ** | 6376 | - | 185 | 39 | 81 | - | 0 | 1 | 107 | 6789 |
| **ЈУЛИ** | 6395 | - | 188 | 41 | 87 | - | 0 | 1 | 127 | 6839 |
| **АВГУСТ** | 6413 | - | 192 | 32 | 85 | - | 0 | 1 | 97 | 6820 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 6432 | - | 209 | 41 | 78 | - | 2 | 1 | 112 | 6875 |
| **ОКТОМВРИ** | 6449 | - | 210 | 47 | 78 | - | 0 | 1 | 125 | 6910 |
| **НОЕМВРИ** | 6468 | - | 210 | 45 | 80 | - | 2 | 2 | 157 | 6964 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 6499 | - | 222 | 45 | 82 | - | 0 | 3 | 159 | 7010 |
| **ВКУПНО:** | **76721** | - | **2403** | **496** | **994** | - | 21 | 15 | **1346** | **81996** |

## *ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ПО ЗОНИ ЗА 2018 ГОДИНА*

| *ЗОНА* | *„СТАНАР" Дозволи 0,00 ден.* | *„СТАНАР" 2 ВОЗИЛО* | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗОНА А** | 6384 | 548 | 296 | 228 | 164 | 24 | 4 | 9 | 206 | 7863 |
| **ЗОНА Б** | 4451 | 305 | 222 | 130 | 16 | 0 | 0 | 0 | 38 | 5162 |
| **ЗОНА Ц** | 8653 | 585 | 331 | 1346 | 383 | 73 | 15 | 44 | 114 | 11544 |
| **ЗОНА Д** | 76721 | - | 2403 | 496 | 994 | - | 21 | 15 | 1346 | 81996 |
| **ВКУПНО:** | **96209** | **1438** | **3252** | **2200** | **1557** | **97** | **40** | **68** | **1704** | **106565** |

## *ДОПЛАТНИ КАРТИ ВО 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА*

Корисниците на зонско паркирање кои не извршиле плаќање за услугата паркирање, претпријатието им издава доплатна карта. Бројката на наплатени доплатни карти по месеци и по зони ги прикажуваме во следната табела:

| РЕД. БР. | МЕСЕЦ | 2018 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | ЈАНУАРИ | 730 | 383 | 347 | 1.91 |
| 2 | ФЕВРУАРИ | 692 | 684 | 8 | 1.01 |
| 3 | МАРТ | 1100 | 823 | 277 | 1.34 |
| 4 | АПРИЛ | 916 | 571 | 345 | 1.60 |
| 5 | МАЈ | 969 | 607 | 362 | 1.60 |
| 6 | ЈУНИ | 1096 | 735 | 361 | 1.49 |
| 7 | ЈУЛИ | 1058 | 916 | 142 | 1.16 |
| 8 | АВГУСТ | 1219 | 800 | 419 | 1.52 |
| 9 | СЕПТЕМВРИ | 1027 | 758 | 269 | 1.35 |
| 10 | ОКТОМВРИ | 1024 | 679 | 345 | 1.51 |
| 11 | НОЕМВРИ | 1093 | 839 | 254 | 1.30 |
| 12 | ДЕКЕМВРИ | 1192 | 808 | 384 | 1.48 |
| | ВКУПНО: | 12.116 | 8.603 | 3.513 | 1.41 |

Доколку се споредат показателите од двете години, 2018 наспроти 2017 година, бројот на доплатни карти е зголемен за 3.513 во текот на 2018 година.

## СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ ПРИКАЖАН ПО ПОДЗОНИ

| ПОДЗОНА | 2018 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| ЗОНА А | | | | |
| А1 | 269 | 328 | -59 | 0,82 |
| А3 | 784 | 568 | 216 | 1,38 |
| А4 | 717 | 528 | 189 | 1,36 |
| А5 | 492 | 350 | 142 | 1,41 |
| А6 | 433 | 432 | 1 | 1,00 |
| А7 | 0 | 15 | -15 | 0 |
| А8 | 306 | 124 | 182 | 2,47 |
| А06 | 106 | 0 | 106 | 0 |
| ЗОНА Б | | | | |
| Б2 | 609 | 470 | 139 | 1,30 |
| Б3 | 358 | 242 | 116 | 1,48 |
| Б6 | 220 | 185 | 35 | 1,19 |
| Б7 | 602 | 265 | 337 | 2,27 |
| ЗОНА Ц | | | | |
| Ц8 | 79 | 45 | 34 | 1,76 |
| Ц9 | 179 | 215 | -36 | 0,83 |
| Ц11 | 235 | 342 | -107 | 0,69 |
| Ц15 | 459 | 536 | -77 | 0,86 |
| Ц17 | 129 | 137 | -8 | 0,94 |
| Ц19 | 152 | 232 | -80 | 0,66 |
| Ц33 | 523 | 457 | 66 | 1,14 |
| Ц35 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| Ц45 | 296 | 162 | 134 | 1,83 |
| Ц46 | 106 | 62 | 44 | 1,71 |
| Ц80 | 989 | 0 | 989 | 0 |
| Ц81 | 155 | 0 | 155 | 0 |

| ЗОНА Д | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Д1 | 8 | 0 | 8 | 0 |
| Д3 | 1376 | 923 | 453 | 1,49 |
| Д4 | 469 | 349 | 120 | 1,34 |
| Д5 | 15 | 22 | -7 | 0,68 |
| Д6 | 334 | 230 | 104 | 1,45 |
| Д7 | 612 | 456 | 156 | 1,34 |
| Д8 | 580 | 571 | 9 | 1,02 |
| Д40 | 159 | 231 | -72 | 0,69 |
| Д62 | 363 | 126 | 237 | 2,88 |
| ВКУПНО: | 12.116 | 8.603 | 3.513 | 1,41 |

## *ПРОМЕТ ОД БИЛЕТИ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ Т.Н. „ГРЕБ" КАРТИЧКИ*

Табелата што следи ги прикажува податоците од продажба на билети за зонско паркирање, таканаречени „греб картички", согласно зоната на која гласат и времетраењето на паркирање ( 1 час).

| ЗОНА | ЧАСОВИ | 2017 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| А | 1 | 11.989 | 10.660 | 1.329 | 1,12 |
| Б | 1 | 1.550 | 1.580 | -30 | 0,98 |
| Ц | 1 | 10.762 | 7.560 | 3.202 | 1,42 |
| Д | 1 | 4.810 | 3.533 | 1.277 | 1,36 |
| ВКУПНО: | | 29.111 | 23.333 | 5.778 | 1,25 |

Според показателите може да се забележи дека во 2018 година се продадени 5.778 билети повеќе во споредба со 2017 година.

## *БРОЈ НА ПАРКИНГ СЕСИИ ПО МЕСЕЦИ*

Бројот на паркинг сесии во текот на 2018 година е поголем во споредба со 2017 година: разликата изнесува221.104 паркинг сесии направени по пат на смс паркирање.

Врз вредноста на прометот остварен по пат на смс наплата, влијание има зоната во која е извршена паркинг сесијата: во централното градско подрачје или зона А- цената за едно паркирање по пат на смс изнесува 45 ден од час, за разлика од зона Д каде цената на паркирање од час изнесува 25 денари. Во текот на 2018 година во рамките на новоформираната портокалова 0 зона функционираат подзоните : А0 (Средно Водно), А02 (Пантелејмон) и А06 (Максим Горки) кај кои цената на паркирање изнесува 100 ден.за првиот час и 50 денари секој нареден час.

| РЕД.БР. | МЕСЕЦ | 2019 ГОДИНА | 2017 ГОДИНА | РАЗЛИКА | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | јануари | 107.580 | 76,417 | 31.163 | 1,41 |
| 2 | февруари | 111.339 | 104,770 | 6.629 | 1,06 |
| 3 | март | 134.292 | 124,099 | 10.193 | 1,08 |
| 4 | април | 124.686 | 104,803 | 19.883 | 1,19 |
| 5 | мај | 133.418 | 115,966 | 17.452 | 1,15 |
| 6 | јуни | 139.748 | 118,584 | 21.164 | 1,18 |
| 7 | јули | 135.767 | 109,888 | 25.879 | 1,24 |
| 8 | август | 129.210 | 111,600 | 17.610 | 1,16 |
| 9 | септември | 138.468 | 122,169 | 16.299 | 1,13 |
| 10 | октомври | 139.825 | 114,362 | 25.463 | 1,22 |
| 11 | ноември | 133.695 | 121,932 | 11.763 | 1,10 |
| 12 | декември | 143.719 | 126,113 | 17.606 | 1,14 |
| | вкупно | 1.571.807 | 1,350,703 | 221.104 | 1,16 |

## *ПРИХОДИ ОД КАТНИ ГАРАЖИ*

Приходите од катните гаражи изнесуваат 15.144.902,00 денари и поголеми се за 1,53 % споредено со 2017 година.

Катната гаража 26-ти Јули оствари приходи во вкупен износ од 5.299.846,00 денари. Приходите од катната гаража Тодор Александров се на износ од 9.845.056,00 денари . Со тоа приходите од стопанисување со катните гаражи се поголеми за 227.934,00 денари во споредба со 2017 година кога беа реализирани приходи на износ од 14.916.968,00 денари .

Заради подобрата локација но и заради тоа што катната гаража Беко е поголема оттука и приходите што ги остварува оваа катна гаража се речиси двојно поголеми од катната гаража Македонска фаланга. Кај катната гаража Беко приходите од претплати се всушност поголеми во споредба со 2017 година доколку се земе во предвид фактот што во текот на 2017 година оваа катна гаража евидентира дополнителни приходи како резулата на договорите кои беа дополнително доставени на постапување.

Во рамки на категоријата корисници на услуга паркирање по пат на претплата треба да се напомене дека најмасовна категорија корисници прет ставува „вработен кај правен субјект" кој гравитира во близина на Катната гаража .

Во продолжение се прегледи за реализирани приходи од катните гаражи по основ дневен промет, претплати и вкупен приход по двата основи.

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ПО КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-26-ти Јули | 1.572.088,00 | 1.357.238.00 | 214.850,00 | 1,16 |
| 2 | Катна Гража-Бeко | 4.020.362,00 | 3.444.178,00 | 576.184,00 | 1,17 |
| | Вкупно | 5.592.450,00 | 4.801.416,00 | 791.034,00 | 1,16 |

*ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТИ ПОКАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-26-ти Јули | 3.727.758,00 | 3.404.462,00 | 323.296,00 | 1,09 |
| 2 | Катна Гража-Бeко | 5.824.694,00 | 6.711.090,00 | -886.396,00 | 0,87 |
| | Вкупно | 9.552.452,00 | 10.115.552,00 | -563.100,00 | 0,94 |

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2018 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2018 | 2017 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-26-ти Јули | 5.299.846,00 | 4.761.700,00 | 538.146,00 | 1,11 |
| 2 | Катна Гража-Бeко | 9.845.056,00 | 10.155.268,00 | -310,212,00 | 0,97 |
| | Вкупно | 15.144.902,00 | 14.916.968,00 | 227.934,00 | 1,02 |

# ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 25.213.459,00 денари. По основ дневен промет наплатени се 14.733 возила или вредносно 25.158.967,00 ден. додека остатокот од приходот на износ од 54.492,00 ден. изнесува фактурирана услуга за подигнати возила најчесто по повик на трети лица.

Во споредба со истот период минатата година приходите изнесувале 22.590.036,00 денари заради што бележиме пораст на приходот кај овој сектор за 11,61 % или за2.623.423,00 денари што се должи во најголем дел на добрата соработка со *МВР*.

Работата на Сектор Пајак освен што е директно условена од сорабоката со сообраќајната полиција и соработката со комуналните инспектори на Градот Скопје и пооделните општини, условена е и зависи исто така, и од временските услови,

исправноста на специјалните возила пајак понатаму, развојот на сообраќајната култура како и развојот на паркирањето во главниот град.

Во табелата подолу даваме преглед во кој е прикажан вкупниот дневен промет (бруто износ) од подигнати и наплатени возила за услуга со специјалните пајак возила по месеци во текот на 2018 година споредбено со 2017 година.

*СПОРЕДБЕН ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДНЕВЕН ПРОМЕТ ОД СЕКТОР ПАЈАК ЗА 2018 И 2017 ГОДИНА*

| ред.бр. | Период | Број на подигнати и наплат. возила во 2018 | Дневен промет во Бруто износ 2018 | Број на подигнати и наплат. возила во 2017 | Дневен промет во Бруто износ 2017 | Разлика во реализација | индекс возила | индекс промет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари | 1279 | 2.734.500,00 | 623 | 1.380.000,00 | 656/1.354.500,00 | 2,05 | 1,98 |
| 2 | Февруари | 1287 | 2.769.000,00 | 985 | 2.096.000,00 | 302/673.000,00 | 1,31 | 1,32 |
| 3 | Март | 1392 | 2.902.000,00 | 881 | 1.889.200,00 | 511/1.012.800,00 | 1,58 | 1,54 |
| 4 | Април | 1034 | 2.181.500,00 | 963 | 2.121.500,00 | 71/60.000,00 | 1,07 | 1,03 |
| 5 | Мај | 1125 | 2.393.400,00 | 918 | 1.974.000,00 | 207/419.400,00 | 1,23 | 1,21 |
| 6 | Јуни | 1131 | 2.279.000,00 | 1002 | 1.995.500,00 | 129/283.500,00 | 1,13 | 1,14 |
| 7 | Јули | 1280 | 2.453.600,00 | 1233 | 2.567.500,00 | 47/-113.900,00 | 1,04 | 0,96 |
| 8 | Август | 1163 | 2.075.380,00 | 1089 | 2.158,800,00 | 74/-83.4200,00 | 1,07 | 0,96 |
| 9 | Септември | 1063 | 1.875.000,00 | 1187 | 2.492.100,00 | -124/617.100,00 | 0,90 | 0,75 |
| 10 | Октомври | 1241 | 2.510.000,00 | 860 | 1.773.500,00 | 381/736.500,00 | 1,44 | 1,42 |
| 11 | Ноември | 1458 | 2.931.000,00 | 1408 | 2.955.500,00 | 50/-24.500,00 | 1,04 | 0,99 |
| 12 | Декември | 1280 | 2.583.200,00 | 1493 | 3.217.000,00 | -213/-633.800,00 | 0,86 | 0,80 |
| | Вкупно | 14733 | 29.687.580,00 | 12642 | 26.620.600,00 | 2091/3.066.980,00 | 1,17 | 1,12 |

# ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ, ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ

Во текот на 2018 година не се реализирани приходи од изнајмување на велосипеди , електровелосипеди и електромобили.

Минатата 2017 година беше реализиран повеќе од симболичен нето приход на износ 9.035,00 денари по основ изнајмување велосипеди и 52.374,00 денари за изнајмување електромобили.

Јасно е дека проектите за мобилност се еколошки проекти , без комерцијална намена туку со цел да се поттикне свеста кај граѓаните за заштита на животната средина од една страна но и заради збогатување на туристичката понуда на градот.

Наш впечаток е дека Проектот „Скопје изнајми велосипед" ја разбуди свеста кај граѓаните за користење на велосипедот како превозно средство. Меѓутоа во однос на неговата примена во преитријатието постојат ограничувања за кои повторно ќе постетиме:

- приходот од изнајмување велосипеди е повеќе симболичен, ако се земе во предвид фактот дека цената на изнајмување велосипед изнесува 10 денари од час;
- кај граѓаните сеуште преовладува ниска свест во однос на грижата при изнајмување на велосипедите што пак, од друга страна, продуцира дополнителни трошоци за одржување на велосипедите .
- немање соодветна законска рамка и систем за изнајмување со која ќе се обезбеди заштита на имотот на претпријатието

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

Износот на останати приходи е 17.671.382,00 ден. Во оваа група приходи ги евидентираме приходите од продажба на рсход, од наплата на отпишани побарувања (побарувања за кои сме иницирале судска постапка во претходните години), приходи од субвенции како и приходи од субвенции и донации во опрема доделени на јавното претпријатие од претходни години а евидентирани во согласност со МСС стандардите, судски трошоци, штети, дополнително утврдени приходи од минати години и други надоместоци .

Субвенциите на износ од 15.000.000,00 денари претпријатието ги искористи за подмирување на 16.247.516,00 денари обврска за комунална такса кон Град Скопје.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходите по основ камата и позитивни курсни разлики на износ 271.965,00 денари.

## ***РАСХОДИ***

Расходите заклучно 31.12.2018 година се на износ 174.676.128,00 денари.

Во прилог даваме споредбен преглед на трошоците по групи за период од 01.01 до 31.12.2018 година со истиот период од минатата, 2017 година:

| *РЕД. БР.* | ***ГРУПА НА ТРОШОЦИ*** | ***2018 ГОДИНА*** | ***2017 ГОДИНА*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 12.956.376,00 | 11.245.786,00 |
| 2 | Трошоци за услуги | 40.507.230,00 | 31.381.998,00 |
| 3 | Плата и надоместоци од плата | 104.087.268,00 | 102.698.603,00 |
| 4 | Трошоци за амортизација | 10.141.314,00 | 11.150.258,00 |
| 5 | Останати трошоци на работење | 6.802.978,00 | 6.689.504,00 |
| 6 | Вредносно усогласување на побарувања | 23.776,00 | 97.384,00 |
| 7 | Останати расходи | 148.165,00 | 1.866.658,00 |
| 8 | Финансиски расходи | 9.021,00 | 31.384,00 |
| | ***ВКУПНО:*** | **174.676.128,00** | **165.161.575,00** |

## 1. *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

Во првата група трошоци -трошоци за суровини и материјали , енергенси бележиме зголемување на трошоците за 1.710.590,00 денари или 15,21% .

Во рамките на групата материјални трошоци бележиме пад на речиси сите трошоци со исклучок на трошокот за гориво и на трошокот за ХТЗ опрема . Оттука следните трошоци бележат намалување: потрошни и помошни материјали и средства за чистење , трошокот за канцелариски материјал, фискални и бар код ролни , чип и греб картички , како и на трошоците за електрична енергија и парно. Како резултат на порастот на цените на горивата но и поголемиот обем на работа на сектор на пајак зголемен е трошокот за гориво. Зголемениот трошок за ХТЗ произлегува од набавка на нова ХТЗ опрема за вработените.

## 2. *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

Во оваа група на трошоци спаѓаат:трошокот за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации-радиофрефенции, понатаму трошоците за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, поставување на информативни табли, градежни работи и бележење, закуп, комуналните услуги, графички услуги , транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање трошокот за времените вработувања и други видови на услуги.

Во однос на минатата година оваа група на трошоци бележи пораст за 9.125.232,00 денари или 29,08 %.

Може да се забележи дека кај дел од трошоците имаме намалување – трошоците што се за тековно одржување на основните средства ( материјални и нематеријални) како и инвентарот.

Од друга страна бележиме пораст на трошоците за комуникациски услуги, закуп, комунални услуги, обезбедување, времено вработените како и услугата за одржување на системот за зонско паркирање како резултат на порастот на прометот од зонското паркирање.

Во текот на 2018 година извршено е бележење на дел од јавните паркиралишта во функција на нивно редовно одржување. За таа цел во табелата ги прикажуваме паркинг површините на кои е извршено бележење:

*БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА И ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ – ЗОНИ ВО ТЕК НА 2018 ГОДИНА ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Паркиралишта | Бележење на паркинг простор со бела боја | Бележење на стрелки со бела боја | Бележење на разделни острова со бела боја | Бележење на ЛПП со жолта боја | вкупно бележена површина m2 |
|---|---|---|---|---|---|
| А4 | 128,85 | 8,40 | 0,00 | 15,00 | 152,25 |
| Ц80 | 133,73 | 28,80 | 44,00 | 10,00 | 216,53 |
| Ц81 | 149,21 | 16,40 | 11,47 | 35,00 | 212,08 |
| Д3 | 1.332,05 | 73,80 | 0,00 | 105,00 | 1.510,85 |
| Д4 | 439,40 | 19,20 | 7,50 | 25,00 | 491,10 |
| Д5 | 236,85 | 21,20 | 63,39 | 20,00 | 341,44 |
| Д7 | 678,05 | 21,20 | 93,65 | 60,00 | 852,90 |
| Д62 | 217,80 | 9,20 | 0,00 | 15,00 | 242,00 |
| Д62 | 36,90 | 3,40 | 37,08 | 10,00 | 87,38 |
| Д8 | 99,00 | 17,40 | 2,00 | 20,00 | 138,40 |
| ТРЕСКА | 142,56 | 24,20 | 0,00 | 105,00 | 271,76 |
| АМСМ | 134,16 | 11,60 | 2,30 | 10,00 | 158,06 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 150,45 | 35,80 | 37,75 | 20,00 | 244,00 |
| НАРОДЕН ФРОНТ | 159,00 | 7,20 | 8,00 | 5,00 | 179,20 |
| ТУТУНСКИ КОМБИНАТ | 151,20 | 24,40 | 42,32 | 5,00 | 222,92 |
| ЗОИЛ | 134,25 | 24,40 | 42,32 | 5,00 | 205,97 |
| вкупно m2 | 4.323,46 | 346,60 | 391,78 | 465,00 | 5.526,84 |

## *3. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ*

Трошокот за плати опфаќа бруто плата на вработените, како и трошоци за надоместоци на вработените од плата- отпремнини, јубилејни награди итн.

Трошокот за плати во вкупен износ за 2018 година изнесува 104.087.268,00 денари и бележи пораст за 1.388.655,00 денари споредено со минатата година . Бројот на вработени е поголем во просек за 24 лица во споредба со минатата година .

Надоместоци основ на исплатени две отпремнини за вработени кои заминале во пензија се на износ 97.526,00 денари. Исплатени се и 12 јубилејни награди на вработени за 10 години непрекинат стаж во јавното претпријатие во вкупен износ од 39.996,00 денари.

*УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТА ПО СЕКТОРИ, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2018 НАСПРОТИ 2017 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРУТО ПЛАТА 2018 | БРУТО ПЛАТА 2017 | +/- | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Администрација | 20.457.563,00 | 20.357.282.00 | 100.281,00 | 1,00 |
| 2 | Сектор Пајак | 19.730.514,00 | 19.496.005.00 | 234.509,00 | 1,01 |
| 3 | Јавни Паркиралишта | 28.019.796,00 | 28.237.206.00 | -217.410,00 | 0,99 |
| 4 | Зонско | 35.741.873,00 | 34.406.674.00 | 1.335.199,00 | 1,04 |
| | ВКУПНО: | 103.949.746.00 | 102.497.167.00 | 1.452.579,00 | 1,01 |

*УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2018 НАСПРОТИ 2017 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ГОДИНА/ БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | НЕТО ПРИХОДИ БЕЗ КОМУНАЛНА ТАКСА | НЕТО ПРИХОДИ СО ВКЛУЧЕНА КОМУНАЛНА ТАКСА | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2018/ 257 | 103.949.746,00 | 190.272.074 | 205.214.696 | 54,70 | 50,72 |
| 2 | 2017/ 233 | 102.497.167,00 | 179.635.660 | 193.533.110 | 57,06 | 52,96 |

Напомена:
Приходот е изразен во нето износ без вклучен ДДВ во варијанта со и без вклучена комунална такса

*ПРОСЕЧНА БРУТО И НЕТО ПЛАТА ВО ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | ИЗНОС 2017 | ИЗНОС 2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | Просечна бруто месечна плата на ниво на фирма | 8.662.479 | 8.541.431 |
| 2 | Просечен број на вработени по часови | 242.50 | 243 |
| 3 | Просечна бруто месечна плата на вработен | 35.721,56 | 35.150 |
| 4 | Просечна нето месечна плата по вработен | 24.236 | 23.807 |

## 4. АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација изнесува 10.141.314,00 денари. Минатата година за истиот период трошокот за амортизација изнесува 11.150.258,00 денари.

## 5. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

Во групата спаѓаат следиите трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, трошоци за користење сопствено возило за службени цели, обуки на вработените , надоместоци на органите на управување, донации, репрезентација, осигурување, интелектуални услуги, трошок за ДДВ, договор на дело, судски и административни такси, трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија огласување итн.

Оваа група на трошоци е на речиси исто ниво како и минатата година односно се забележува незначителен пораст на трошоците од 1.69% или за 113.474,00 денари.

Бележиме различно движење на поделните трошоци во групата на останати оперативни расходи. Во рамките на оваа група ги прикажуваме трошоците и нивните износи. Трошоци кои се помали во однос на минатата година : дневници и патни трошоци- износ 48.321,00 денари, надоместоци на вработените 19.500,00 денари, репрезентација-349.241,00 денари, осигурување 640.597,00денари , интелектуални услуги -380.698,00 пониски се трошоците за ревизорски услуги , услуги за превод, за изработка на проекти, адвокатско нотарски трошоци, трошоци за судски и административни такси – 204.364,00 денари , трошоци за сертификација на работење по ИСО стандарди и слично.

Пораст бележиме кај надоместокот за управен одбор како резултат на поголем број назначени лица во овој орган на управување.Понатаму трошокот за ДДВ кој се должи на обврската за плаќање данок по основ бесплатна услуга за зонско паркирање за станарите на Општина Аеродром а од 01.01.2013 година и на станарите на Општина Центар на кои паркирањето за прво возило им е бесплатно.

Во текот на 2018 година претпријатието и Градот Скопје покажаа висока општествена одговорност во делот на исполнување на барањето општините Куманово , Штип и Охрид за донација на специјално пајак возило. За таа цел реализирана е донација на три специјални пајак возила за потребите на споменатите општини. Се работи за донација од јавен интерес каде трошокот евидентиран по овој основ на износ 157.860,00 денари произлегува од обврската за плаќње на ДДВ при донирање а се однесува на донациите за Куманово и Штип.

Во 2018 година евидентирани се трошоци по основ софтверски антивирус лиценци и серверски лиценци за заштита и бекап на серверите-350.058,00 денари. Незначителен пораст бележиме кај трошокот за банкарски провизии – 379.618,00 , огласување и претплата на стручни весници и списанија - 217.622,00 итн.

Согласно член 384 ств 7 од ЗТД во годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за примањата во други друштва ( плата, надоместоци

од плата , надоместоци за членство, бонус, осигурување и др.права ) за членовите на управен и надзорен одбор.( сл.весник 88/2015 ).

Податоци за членови на управен одбор:

| *Име и презиме* | *Примања во др. Друштва Бруто* | *Назив на работодавч* | *Дејност* | *Висина на плата Бруто* | *Надомес тоци од плат Бруто* | *Бонус и др.надомес тоци Бруто* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈП Градски паркинг | | | | | |
| Марија Георгиевска | 122.221 | Моно Трејд/ Елем | Увоз-Извоз/ енергетика | 171.944/ 63.705 | 10.761 | 4.000 Хонорар Фондација Фрдрих Еберт |
| Александра Николовска | 97.779 | ЈЗУ Здравствен дом Скопје | здравство | 460.782 | 3.333 | 13.889 Хуманост /10.000 Експекта Медикал |
| Весна Стоименовска | 97.779 | Декра Арбеит Македонија | Агенција за вработување | 198.173 | | 66.666 Демократ ски сојуз |
| Никола Божиноски | 97.779 | Социјалдемократски сојуз на Македонија | Политичка партија | 198.000 Нето плата | | |
| Славе Еленовски | 97.779 | Општина Аердором | Општина | 124.575 | | |
| Далибор Јакимовски | 97.779 | | | | | |
| Васко Димовски | 97.779 | Мотиви / Спид | Агенции за вработување | 170.554 Нето плата/ 48.204 | | |
| Џеват Селами | 80.001 | Дирекција за заштита и спасување | Државен орган | 303.471 Нето плата | | |
| Ајрула Мустафа | 80.001 | | | | | |
| Екрем Дардишта | 80.001 | | | | | |
| Азис Максутовиќ | 80.001 | | | | | |
| Амир Мустафа | 26.667 | Гемак Траде ДООЕЛ | Приватна компанија | 478.503 | | 32.086 Патентце нтар-консалти нг ад |
| Нури Бакиу | 26.667 | | | | | |

Податоци за членови на надзорен одбор:

| *Име и презиме* | *Примања во др. Друштва Бруто* | *Назив на работодавач* | *Дејност* | *Висина на плата Бруто* | *Надомес тоци од плат Бруто* | *Бонус и др.надоместоци Бруто* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈП Градски паркинг | | | | | |
| Тодор Пачациев | 122.221 | СУГС Гимназија Никола Карев-Скопје | Образование | 458.695 | | 4.444,00/Дивизион |
| Кристина Поповска | 97.779 | | | | | |
| Бобан Ацевски | 97.779 | Сектрон/ Елем | Опрема за безбедност/ енергетика | 133.548/ 481.801 | 27.575 | |
| Бобан Вељановски | 97.779 | Водостопанство | Државен орган | 384.520 | | |
| Иљаз Бајрамов | 80.001 | | | | | |

## 6. *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во однос на 2017 година оваа група трошоци е помала за 73.608,00 денари. Во текот на 2018 одина дел од ненаплатените побарувања ( по основ на издадени доплатни карти) беа процесирани на нотар. Вредноста на тужените побарувања изнесува 22.800,00 денари.

Евидентирано е вредносно усогласување на залихите на материјали кои се однесуваат на чип картичките за паркинзите кои по пописот беа расходовани. Вредноста на овој материјал изнесува 976,00 денари.

## 7. *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во групата на останати расходи евидентирани се трошоци во вкупен износ од 148.165,00 денари .

Оваа група на трошоци е помала во однос на 2017 година за 1.718.493,00 денари. Евидентирани се трошоците кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 78.250,00 денари како и рекламации на износ 69.914,00. Во текот на 2018 година не бележиме трошоци за спорови и извршители, вонредни и дополнително утврдени трошоци.

### 8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамките на финансиски расходи на износ 9.021,00 денари спаѓаат трошоци за негативни курсни разлики 729,00 ден. како и трошокот за казнена камата на износ 8.292,00 денари заради доцнење при плаќање на сметки за вода, струја, телефон, како и други обврски.

## 4.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| АКТИВА | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 43.883.373,00 | 38.700.450,00 |
| 2.ЗАЛИХИ | 1.587.366,00 | 2.054.016,00 |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 44.367.162,00 | 34.613.228,00 |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 735.281,00 | 711.432,00 |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **90.573.182,00** | **76.079.126,00** |
| | | |
| **ПАСИВА** | 2018 година | 2017 година |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.053,00 | 153.052,00 |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 34.774.602,00 | 21.827.676,00 |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА по оданочување | 13.984.799,00 | 12.946.925,00 |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 25.019.234,00 | 23.427.794,00 |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 16.626.189,00 | 17.708.374,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **90.573.182,00** | **76.079.126,00** |

### ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.12.2018 ГОДИНА

Во претпријатието се настојува согласно можностите континуирано да се вложува во набавка на нови и одржување на постоечките основни средства. Претпријатието во 2018 година располага со 10 (десет) паркинг системи со електронски систем на наплата, 7 (седум) специјални возила Пајак ( 3 специјални возила беа донирани во текот на годината) , 1 (едно) шлеп возило, 1 (едно) возило за метење на улици и паркиралишта,19 (деветнаесет) скутери, 1 (еден) мотор, едно полулесно пик- ап возило и 10 (десет) лесни возила, 12 (дванаесет) електромобили, 10 (десет) електровелосипеди, 5 (пет) електроскутери, 2 (два) електрополначи, машина за чистење на под со туркање, машина за чистење на под со волан за управување, информатичка опрема, дигитални радиостаници и репетитор, уреди за потребите на зонско паркирање итн.

ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2018 година располага со основни средства со сегашна вредност од 43.683.372,00 . Во износот е вклучена и вредноста на основните средства во подготовка кои изнесуваат 302.979,00 денари. Од овој износ на материјални средства во подготовка отпаѓаат 254.940,00 денари за канцелариски мебел , радиостаница- моторола, додека 48.039,00 денари се нематеријални средства во подготовка – лиценци за софтвер.

Во текот на 2018 година Претпријатието инвестираше во набавка на следните основни средства, опрема и инвентар во вредност од 15.483.060,00 :

- адаптација со комплетно опремување на деловни простории на два ката во катната гаража Беко
- Специјално возило пајак Мерцедес Атего 1221
- Шлеп возило Мерцедес Атего 918
- Преносен персонален компјутер
- Систем за видео надзор во катна гаража Беко
- Сиситем за видео надзор во катна гаража 26-ти Јули
- Систем за видео надзор во депо на Сектор пајак

*ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.587.366,00 денари. Од нив 881.587,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: канцелариски материјал,чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 296.633,00 денари и претставува залиха од велосипеди , паркинг клешти, канцелариски мебел, блокатори и друг инвентар.

ХТЗ опрема имаме на залиха во вредност од 394.850,00 денари и автогуми на залиха во вредност од 14.296,00 денари.

*ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

На ден 31.12.2018 година , Претпријатието на своите трансакциски сметки и благајна располага со парични средства во вкупен износ од 30.241.658,00 денари.

Побарувањата од купувачи изнесуваат 13.948.908,00 денари .Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен период.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 3.183.470,00денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на комитенти по доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар . Нивната наплата се врши тековно.

Во текот на 2018 година платена е аконтација на данок од добивка на износ од 1.430.186,00 денари. За овој износ се намали обврската за плаќање на данокот на добивката утврден по годишната сметка.

Побарувања од вработени на износ 155.645,00 денари се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи, надминати телефонски лимити на службени телефони, штети од невнимателно ракување со опрема итн.

Побарувања од купувачи со платежни картици на износ 20.211,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден

*АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 735.280,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди.Станува збор за трошоци за осигурување 136.077,00 денари, 136.018,00 денари се трошоци за претплати за стручни весници и списанија и за платени такси на нотари и извршители 463.185,00 денари.

*ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

Претпријатието по основ краткорочни обврски должи севкупно 25.019.234,00 денари. Во износот како најзначајни ќе ги издвоиме: обврските кон добавувачите - износ 7.270.760,00 денари , обврска за ДДВ за месец 12 на износ 2.122.027,00 денари , обврска за

данок од добивка на износ 311.660,00,00 денари, обврска за комунална такса кон Град Скопје на износ 14.942.622,00 денари како и други тековни месечни обврски.

Исплатата на обврски се врши тековно во наредниот пресметковен период, при што обврската за комунална такса за 2018 година претпријатието ја плати во целост во текот на месец февруари 2019 година .

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 16.626.189,00 денари.

Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно кои временски ги разграничуваме изнесуваат 398.859,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за комуналии, огласи,обезбедување исл.

Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период изнесуваат 3.064.458,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 200.679,00 денари.

Во рамките на оваа група евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Градот при што доделени се средства во опрема и во пари наменски за набавка на опрема. Овие приходи се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување при што нивниот износ за 2018 година е 12.962.193,00 денари. Од овој износ десет милиони денари се финансиски средства што Претпријатието ги има добиено од својот основач Град Скопје со цел развој и унапредување на проектот „Скопје изнајми велосипед ". Проектот е воведен со примарна цел велосипедот да се користи како превозно средство, особено во централното градско подрачје. Исто така, целта на проектот е велосипедите да се употребуваат за рекреативни и туристички потреби како и за подигање на јавната свест за промена на навиките на граѓаните за употреба на алтернативните средства за јавен транспорт, а со тоа се придонесува и за заштита на животната средина. Со оглед на тоа што проектот не доби поддршка од Светска банка, се планира за овие средства да се побара пренамена во Буџетот на Град Скопје како би можеле да се искористат за реализација на капитални инвестиции на претпријатието.

# 5. ЗАКЛУЧОК ЗА РАБОТЕЊЕТО И ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

ЈП Градски паркинг- Скопје во 2018-та година оствари позитивен финансиски резултат – Добивка на износ од 13.984.799,00 денари.Вкупните приходи изнесуваат 190.272.074,00 денари, вкупните трошоци се на износ 174.676.128,00 денари.

Видливо е од финансиските показатели кои беа претходно изложени дека претпријатието работело „домаќински" со цел економичност и заштеда на трошоците. Добивката е резултат на зголемување на приходите како во Секторот јавни паркиралишта така и во Сектор пајак, следење и контрола на висината на трошоците секаде каде е возможно како и финансиската поддршка која претпријатието ја доби од основачот Градот Скопје во форма на субвенции за потешкотии во работењето.

Забележливи се заложбите на јавното претпријатие во остварување и реализација на зацртаните проекти и цели согласно Програмата за инвестиции.

Навремено и редовно се исплатувани обврските кон вработените за плати, даночните обврски кон државата, обврските кон доверителите.

Редовно се спроведувани акции на чистење, одржување на јавните површини, одржување на системот за зонско паркирање како и одржување на паркинг системите на „затворените" јавни паркиралишта и други тековни инвестициски вложувања со кои се одржува и унапредува дејноста на Претријатието.

ЈП Градски паркинг- Скопје своето работење го темели согласно имплементацијата на систем за управување со квалитет според барањата на ИСО 9001:2008 имплементирани во текот на 2013 година и обновени во текот на 2014, 2015 и 2016 година. На стартот на 2017 година се реализира постапката за ресертификација на добиениот сертификат ИСО 9001:2008 со имплементација на новиот сертификат за управување според барањата на ИСО 9001:2015 во текот на 2018 година.

Очекуваме дека во соработка со органите на управување, институциите, Градоначалникот како и Советот на Град Скопје ќе се превземат решенија за подобрување на работењето на нашето претпријатието како би можело истото и во иднина да покажува успешни резултати во своето работење. Нивната поддршка е

особено значајна во заложбите на претпријатието да ги реализира проектите зацртани во. Инвестиционата програма пред се преку понатамошен развој на дејноста паркирање со уредување и отварање на нови паркинг површини , развој на постоечките проекти што се од интерес на граѓаните, континуирана соработка со МВР и комуналните инспектори итн.

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Претседател на Управен Одбор
Марија Георгиевска